Македонија

**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА GS1 СТАНДАРДИ**
**GS1 МАКЕДОНИЈА**

***Предлог***

# Извештај за работа
## на GS1 Македонија во 2012 година

Април 2013 година
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ

# за работа на GS1 Македонија во 2012 година

Програмата на активностите на GS1 Македонија за 2012 година, која Управниот одбор ја утврди а Собранието на GS1 Македонија ја усвои и донесе, е реализирана во целост, со фокусирање на :

1. ***Тековна работа со членките***
2. ***Реализација на Проектот Акредитација***
3. ***Реализација на Проектот GEPIR***
4. ***Меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија***
5. ***Проект Големи маркети***
6. ***Проект Следливост низ дистрибутивниот синџир***
7. ***Проект Воведување на GS1 стандарди во Здравство***
8. ***Едукативни активности***
9. ***Изборни активности***

## 1. Тековна работа со членките

Во текот на 2012 година во активностите на GS1 Македонија доминираше тековната работа со фирмите, што резултираше со зголемување на членството со **100 нови** фирми и **наплата на повеќегодишни заостанати побарувања** по основ на членарина, што е огромно достигнување и потфат за одбележување.

Според прецизната евиденција на GS1 Македонија, од 1994 година до 2012 година издадени се вкупно **1,942** Единствени матични GS1 броеви за баркодирање/ што условно се смета за **вкупен број** на членки. Од тој број, на 31.12.2012 год. **987 се активни членки (4 од нив се подржувачи, без доделен GS1 број) ,** бидејќи вкупно **955** фирми се избришани од регистарот на членки по разни основи согласно Статутот на GS1 Македонија ( неподмирени обврски подолги години, ликвидирани, отишле во стечај, извршиле разни трансформации на општествената сопственост, промениле сопственичка структура, избришани од Управата за јавни приходи и од Централниот регистар на РМ и тн.). Треба да се напомене дека со извршеното чистење на базата се избришани во 2007 година 385 фирми, во 2010 година се избришани 359 фирми, во 2011 година 152 фирми, а во 2012 дополнително се избришани 59, а за 38 е поведена судска постапка и сите **955** фирми се префрлени во архивската база.

Доминантен број на членките, 99.5%, се мали и средни фирми. Структурната застапеност на членството по дејности останува и во 2012 година иста, одн. доминираат секторот преработувачка индустрија (најголем дел производство и преработка на прехранбени производи, пијалоци) и секторот на трговијата, со приближно изедначено учество од околу 50%, додека учеството на останатите сектори е минимално.

Постигнатите резултати се презентирани сумарно.

Во текот на 2012 година, **издадени се 130 решенија за доделување на Единствен матичен GS1 број**. Од вкупниот број издадени решенија, 100 се однесуваат на новозачленети фирми, 21 го преотстапиле GS1 бројот на друга фирма, 9 фирми го

прошириле капацитетот. Од 100 новозачленети, 85 фирми се со капацитет за баркодирање до 100 различни артикли, 12 фирми се со капацитет за баркодирање до 1,000 различни артикли, 2 фирми со капацитет до 10,000 артикли и една фирма со капацитет до 100.000 артикли. Од 9 членки кои го прошириле капацитетот, 7 членки добиле решение за проширување од 100 на 1,000 артикли, а 2 членки од 1,000 на 10,000 артикли.

Потпишани се вкупно **715 Договори за членство во GS1 Македонија** и тоа по основ на: новозачленување 100 фирми, преотстапување на GS1 број 21, проширување на капацитет 9, обновување на договори со 585 стари членки.

Со сите новозачленети фирми со кои е потпишан Договор за членство, при предавањето на целокупната документација, се обавува основна **едукација** за основните правила и начела на функционирањето на GS1 системот и за правилната и веродостојна примена на GS1 стандардите, со посебен акцент на спецификите на дејноста која фирмата ја обавува.

Во делот на обуката е и објаснувањето за **калкулаторот** - апликацијата на новата услуга која GS1 Македонија ја пружа на своите членки со изготвување на листа на сите можни баркодови кои фирмата во текот на своето работење може да ги користи, во зависност од одбраниот капацитет (од 100-100,000 баркодови). Оваа услуга високо ја оценуваат членките, бидејќи им се олеснува работата во процесот на имплементирање на баркодовите, а воедно GS1 Македонија обезбедува поквалитетна и доследна примена на GS1 стандардите и принципите за баркодирање во Републиката. Обезбеден е двоен бенефит: за производителите - дека изготвениот баркод е точен, производот подготвен за национална и меѓународна дистрибуција, имаат евиденција за сите аплицирани баркодови, а за трговците - дека нема да имаат проблеми со дуплирани или неквалитетни баркодови, со што се зголемува нивната брзина на евидентирање на наплатните места, одн. се зголемува продуктивноста и ефикасноста во работата и се остварува поголем профит.

Како еден сегмент од едукацијата, за поедини извозно ориентирани фирми е дадена стручна помош при изготвување на **логистичка етикета** во процесот на следливоста, зададени како задолжителен услов од странските купувачи при реализација на извозот.

Континуирано се остварува **комуникација со членките** преку сите можни средства на комуникација, давани се стручни совети и објаснувања, потсетувано е за измирување на обврската за членарина и ажурирање на базата на GS1Македонија со нови податоци.

Решавање на проблемот со нередовното подмирување на обврските е приоритетна задача на Стручната служба во континуитет со години наназад, но во 2012 година се преземени опсежни активности, со цел „чистење” на базата, одн. добивање реална слика за состојбата со активните членки и реални извештаи за фактурирана и наплатена реализација. За таа цел испратени се и **77** последни опомени пред тужба потпишани од адвокатаска канцеларија Андоновски, а **38** фирми се тужени во регуларна судска постапка. Од нив, само 10% извршиле уплата по тужбата, а останатите 90% станале правосилни и извршни и се чека на нивна наплата.

Во текот на 2012 год. испратени се вкупно **989 фактури** за подмирување на тековната годишна членарина со опомена за неплатените фактури за изминатите години. Изготвени се **22** книжни одобренија поради неможност за наплата по различни основи (стечај, ликвидација, аплицирале но не се зачлениле, доброволно се откажале, исклучени поради неплаќање). Реализацијата на фактурираните износи е во голема мерка зголемана и изнесува 76% (од 989 ф-ри, платени 757, неплатени 232 фактури).

За да се обезбеди зголемената видливост и распознатливост на производните програми и услуги на постојните и новите членки на GS1 Македонија, меѓутоа и GS1 Македонија да одговори на своите меѓународни обврски, се собираат податоци за оформување на базата за **Регистарот на баркодираните производи**.

### *2. Проект Акредитација*

Воспоставениот систем на Цертифицирана Акредитација е **во светски рамки уникатна, оригинална и сопствена креација на GS1 Македонија**. Тоа е нов модел за утврдување и промоција на успешноста и деловната етика на фирмите членки на GS1 Македонија.
Со системот на акредитација се обезбедува популаризирање и видливо промовирање на членките кои редовно ги подмируваат своите обврски по основ на членарина.
Членувањето во GS1 системот, согласно принципите на Меѓународна GS1 организација е доброволно, поради што, освен статутарните одредби на GS1 Македонија не постои друга позитивна национална законска регулатива која ја регулира оваа материја во корист на GS1 Македонија.
Поради непостоење на законски санкционен механизам со кој членките на GS1 Македонија би се приморале да ги подмируваат обврските по основ на членарина, **системот на Акредитација создава и промовира интерен механизам за зголемување на наплатата на членарината.**
На web сајтот на GS1 Македонија е поставена листа на акредитирани членки. Со web промоцијата на акредитираните членки е зголемен интересот на членките да се најдат на позитивната листа, односно поажурно да ја подмируваат тековно фактурираната и заостаната членарина.
Системот на цертифицирана Акредитација наметнува дополнителни ангажмани и административни процедури на Стручната служба на GS1 Македонија, но компензацијата е во задоволството на членките, нивните пофалби и зголемување на наплатата на членарината.
Во 2012 година издадени се на членките на GS1 Македонија кои редовно ја подмируваат членарината или се новозачленети, вкупно **860 плакети на Акредитација** за едногодишно цертифицирано користење на доделениот Единствен матичен GS1 број, по квартали од денот на зачленувањето, со посебно изготвени пропратни писма и решенија за секоја членка поодделно.

За GS1 Македонија се остварени големи бенефити, на национално ниво- формиран е механизам за редовно подмирување на членарината и заштита на брендот, а на меѓународно ниво- со интернационализацијата на Проектот Акредитација и негова промоција, иницирани се слични проекти со цел заштита од фалсификување и нелегитимно користење на баркодовите.

### *3. Проект GEPIR*

Овој проект продолжи со неговара реализација и во 2012 година. Сите активни членки на GS1 Македонија се ´"видливи" и "распознатливи" во целиот свет. GEPIR обезбедува да сите основни податоци за членките на GS1 Македонија бидат на располагање на сите учесници во GS1 семејството од преку 2 милион компании. Членките се особено задоволни што GS1 Македонија им овозможува бесплатна интернет промоција 365 дена, 24 саати дневно, им создава реални услови за контрола на сопственоста на брендот на одделни производи, придонесува за сузбивање на сивата економија, фалсификати и др.

## 4. *Меѓународна и национална афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија*

Во извештајниот период значителни напори се вложени во афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија, и тоа:

- Написи објавувани на web сајтот на GS1 Македонија;
- Реализација на проектот АКРЕДИТАЦИЈА;
- Реализација на проектот GEPIR;
- Организирање на семинари, работилници;
- Публицистичка и издавачка дејност.

### *4.1 Меѓународна афирмација*

Ажурно и континуирано е остварувана соработка со GS1 Global Office и GS1 in Europe и подготвувани извештаи за активностите по одделни проекти.

GS1 Македонија учествуваше во работата на GS1 Global Forum 2012 (Брисел, Белгија, февруари 2012) и на Регионалниот Форум на GS1 in Europe (Букурешт, Романија, октомври 2012). На 22-та Меѓународната конференција за здравство (Лисабон, Португалија, октомври 2012), претставник на GS1 Македонија и член на Управниот одбор активно учествуваа. Изготвени се извештаи од сите настани, со сублимирани бенефити и со предлог идни активности, кои како резултат на добиените информации и нови сознанија се предложени на Управниот одбор, преточени во подобрување на квалитетот на работењето и креирање нови услуги за членките.

### *4.2 Нациоанална афирмација*

Со голема гордост го потенцираме фактота дека GS1 Македонија со својата посветеност кон работата, се повеќе станува партнер од доверба во Република Македонија, и тоа не само во индустрискиот сектор, туки и во еминентни институции, асоцијации, регулаторни тела, болници. За одбележување е фактот што најбројната, најмоќната организација - репрезент на стопанството - Стопанската комора на Македонија стана членка на GS1 Македонија, како и Специјалната болница за хирургија „Филип Втори”. И во двата случаи станува збор за ексклузивни членки, први во регионот и пошироко. Тие ја согледаа полезноста од примената на GS1 стандардите и ги воведуваат во целокупното нивно работење.

На **28.11.2012** во Битола, GS1 Македонија го претстави своето работење и придобивките од користењето на GS1 системот на стандарди и активно учествуваше во дебатата за модулите за зголемувуње на конкурентноста на малите и средни претпријатија на Првата меѓународна конференција на тема: *Што ние правиме за МСП?* , како дел од проектот на УСАИД „Бизнис без граници“, а во организација на Фондацијата Бизнис Стартап Центар (БСЦ) Битола. На Конференцијата учесниците од јавниот, приватниот, граѓанскиот и образовниот сектор разменија локални и регионални искуства и разработија политики за развој на МСП.

### *4.3 Зголемено користење на web сајтот на GS1 Македонија*

Web сајтот на GS1 Македонија се´ помасовно се користи од сите заинтересирани - потенцијалните и постојните членки. Корисниците многу високо ја оценија и ја дефинираа како голема помош во нивната едукација во оваа област, лесна

достапност до бараните услуги, бидејќи презентираните содржини се прилагодени на нивните потреби и нивото на информатичката опременост. Со тоа е зголемена видливоста на GS1 Македонија, олеснето е зачленувањето, а членките создадоа навика на негово користење при дневната имплементација на GS1 стандардите. Сите преведени стручни материјали се објавени на web сајтот.

### *4.4 Публицистичка и едукативна дејност*

Публицистичката програмска активност е реализирана со подготовка, изработка и издавање на поголем број брошури со основни упатства и одделни стручни прашања за правилната примена на GS1 системот на стандарди, особено во областа Следливост, Здравство, Транспорт и логистика, EDI, GS1 DataBar, GDSN, кои се поставени на web сајтот на GS1 Македонија, достапни за користење до најшироката јавност, а воедно се ставени и на CD, кои се даваат на членките при посетите и маркетинг активностите.

Преведени се брошури од англиски на македонски, со дизајн, техничка обработка и лектура, вкупно 400 страни: *GS1 DataBar; 11 милијарди причини да му се заблагодариме на бар кодот; Правила за доделување на GTIN; EDI; GPC; GDSN; GS1 Општ Прирачник; GTIN во здравство; GS1 во здравство и тн.*

Преведени се и титлувани преку 20 куси GS1 филмови: *GS1 Вовед во системот; GS1 Македонија (самостојна изработка, slide-show филм); GS1 БарКодови – ICA компанија и GS1 Шведска; GS1 DataBar; EFPIA (Европска Асоцијација на Фармацевтската Индустрија) - Пилот проект со GS1 Шведска; GS1 Стандарди во Здравството; Здравството Денес – Академска Болница во Мастрихт и GS1 Холандија; Подобрување на безбедноста на пациентите – болница Давентер и GS1 Холандија; Следливост во Здравството – Универзитетски Болнички Центар во Дижон и GS1 Франција; Следливост на хируршките инструменти – болница Робер Балангер и GS1 Франција; Стандардизација во здравството, Веднаш! - GS1 САД , и тн.*

Едукативната дејност перманентно се одвива со секоја новозачлента фирма преку индивидуално концепирани обуки во зависност од дејноста на фирмата и нејзините потреби за баркодирање, при што се врши и презентација на правилната примена на GS1 стандардите и се даваат техничко - технолошки упатства за баркодирањето на призводите. На барање на одделни фирми се врши и дополнителна едукација и се пружа помош при имплементирање на специфичните видови бар кодови.

## *5. Проект- Имплементирање на GS1 стандардите во големите маркети во Република Македонија*

GS1 Македонија во 2012 година го финализира проектот кој има за цел низ едукативни семинари, работилници како и директно остварени посети на членките да им ги предочи бенефитите од користење на GS1 системот, со цел зголемување на конкурентноста и профитабилноста во нивното работење. Завршувањето на проектот “Имплементирање на GS1 стандардите во големите маркети во Република Македонија” GS1 Македонија го промовираше на свеченоста **“ GS1 Македонија и пријателите”** на **25 јуни** 2012 година. Потпишаниот ***Меморандум за соработка*** од страна на главните менаџери од 29 големи маркети и дистрибутивни компании, јасно покажа дека се зголемил степенот на заинтересираноста и степенот на користењето

на GS1 системот во деловното работење. Тоа беше и потврда дека со едукацијата која ја спроведува GS1 Македонија (семинари, работилници, презентации, филмски проекции, преведени на македонски стручни брошури, редовни контакти со членките), фирмите ја согледуваат користа од имплементација на GS1 системот во своето работење. Претседателот на GS1 Македонија, г-дин Симон Наумоски на сите компании-потписници на Меморандумот за соработка, како и на лојални, долгогодишни членки, свечено им врачи врамени *Благодарници за поддршката и придонесот на развојот на GS1 Македонија и имплементацијата на GS1 стандардите во Република Македонија*.

### 6. *Проект -Следливост низ дистрибутивниот синџир*

Започнатиот Проект продолжи да се реализира и во текот на 2012 година. Основна цел на Проектот е спроведување на СЛЕДЛИВОСТ на производите низ дистрибутивниот синџир како примарно барање на дефинираниот Закон за безбедност на храната за животни (Сл.весник бр.145 од 05.11.2010 во член бр.15- Следливост) и Закон за безбедност на храната (Сл.весник бр.157 од 07.12.2010 во член бр.32- Следливост) каде е во прв план ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧОТ. Исто така со проектот се има цел да се добие комплетен увид, контрола и следење на залихите кај сите учесници како и можност од демонстрирање на ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ПРОИЗВОД ОД ПАЗАРОТ, односно можноста од брзо, ефикасно и прецизно одредување на локациите од каде одреден производ треба да се повлече.
Управувањето со проектот и координацијата беше од страна на GS1 Македонија. Својата улога во проектот ја реализираше низ постојана соработка со сите учесници поединечно, како и низ работата на работната група одговорна за спроведуване на проектот.
Учесници во проектот: Скопски Пазар АД- Скопје; Витаминка ПИ АД- Прилеп; Нелт СТ ДООЕЛ- Скопје; работеа на проширувањето на базите на податоци и нивно усогласување, за да се овозможи меѓусебна размена на матичните податоци за производите. НЕЛТ СТ својот информатички систем GOLD, го дополни со воведување на уште еден информатички ситем SAP. Витаминка АД имплементираше нов информатички систем, во кој посебен акцент е ставен на правилното означување во хиерархијата на пакувањата на производите и WMS –от. На барање на Скопски Пазар е вклучен и Брилијант ДОО- Штип, кој со своето работење од септември 2012 година започна со имплементација на нов информатички ситем.
Учесниците во Проектот треба да се усогласат околу дефинирање на провајдерот кој ќе ја врши електронскта размена на податоци.

### 7. *Проект - Воведување на GS1 стандарди воздравство*

Во јуни 2012 година, по зачленувањето во GS1 Македонија, специјалната болница „Филип Втори“ започна со имплементација на GS1 стандардите. Ова е **прв Пилот – проект во здравствениот сектор во Републиката, но и во поширокиот регион.**

Имплементацијата на GS1 стандардите во овој Пилот проект се реализираше преку следните елементи:

1.Обележување на лековите на секундарното пакување (на кутивчето каде се ставаат 1 или 2 шпатули-ленти) со GS1DataMatrix. Кај одредена група лекови (кои се многу скапи и кај имплантите) сугерирано им е да ставаат на примарното пакување, но за ова ќе одлучат откако ќе се отпочне со самата имплементација односно генерирање на GS1DataMatrix.

2. Сите вработени добија свој GLN и им се испечатени нови картици за влез односно за евидентирање. Исто така им е сугерирано да ги означат и салите и болничките соби, магацинот на лекови, канцеларии, правна служба, финансии.... (сите физички локации) со GLN, но ова сеуште не е направено, со образложение дека во последната фаза кога ќе се означуваат пациентите ќе се означат и салите.
3. Означување на основни средсва со AI(8004) кој е Глобален идентификатор за означување на основни средства.
4. Означување на услугите. За ова претходно од нивна страна ке престои прекласификација на услугите, па потоа ке се оди на кодификација со наша помош. Предложено им е носител да биде GS1DataMatrix.
5. Означување на пациенти е последна фаза. Таму ќе се користи како носител Глобалениот број на услужен однос GSRN AI(8018). Како носител на податоците е GS1DataMatrix.
Во целиот Пилот проект при имплементација носител ќе биде GS1DataMatrix, за што имавме и огромна подршка и од Логин системи одговорен за софтверското решение .

Во насока на забрзување на процесот на имплементација на GS1 стандардите во здравствениот сектор, на **16.11.2012** година GS1Македонија формираше и работна група, (GS1 Macedonia Healthcare User Group), составена од еминентни претставници од различни области на здравствениот сектор.

## *8. Едукативни активности*

### 8.1 Обука на нови членки

Се спроведуваше бесплатна обука континуирано во текот на целата 2012 година, со цел исполнување на очекувањата на нашите членки и пружање дополнителни услуги, а воедно да им го олесниме работењето при баркодирањето на нивните производи и услуги. Обуката се реализираше преку видео презентации за основите на GS1 системот, основните елементи на баркодирањето и меѓународни правила за додела и правилна употреба на Единствениот Матичен GS1 број ( GTIN) , со примери од пракса. За таа цел се изготвени power-point презентации на следниве теми:

- GS1 Македонија како дел од Меѓународната GS1 организација
- GS1 идентификациони клучеви
- Правила за имплементирање на GTIN

**8.2** Како дел од програмските активности на GS1 Македонија за едукација на своите компании-членки, на **28 и 29 март** 2012 година, во Скопје се одржаа 2 работилници на кои PANTEON GROUP на компаниите-членки од фармацевтскиот сектор им ги претстави можностите за подобрување на своето работење преку користење на **EDI** - Electronic Data Interchange (Електронска Размена на Податоци).
PANTEON GROUP е регионален франшизен партнер на GS1 Austria eXite® за просторите на поранешна Југославија со свои претставништва во Словенија, Хрватска и Србија, а планира отворање на претставништво и во Македонија. Предавањата на Божидар Бајсич од Словенија и Бранко Микелиќ од Србија предизвикаа голем интерес кај присуттните претставници на фармацевтската индустрија во Македонија. Учество земаа над 25 учесници од 15 компании од најголемите компании од овој сектор од Македонија.

**8.3** На **8 мај во Битола и 9 мај во Скопје,** се одржаа уште 2 работилници за **EDI** - (Електронска Размена на Податоци). На нив земаа учество 31 учесник во Битола

и 22 учесника во Скопје од различни сектори на стопанските и нестопанските дејности. Покрај презентациите од страна на GS1Македонија, свои презентации, искуства и практична примена на EDI, изнесоа претставницициte на PANTEON GROUP и од софтверската куќа СИГМА СБ- Скопје, членка на GS1 Македонија.

**8.4** На **5 јуни во Охрид** се одржа семинар за практичната примена на GS1 стандардите, на кој учествуваа 28 претставници од различни сектори. По презентациите од страна на GS1 Македонија, се разви дискусија и многу прашања од GS1 ситемот на стандарди се разјаснија.

## 8.5 Дисперзирана обука за сите членки и за инспекторите на Агенцијата за храна и ветеринарство по градови низ Републиката

- ✓ Целна група беа сите акредитирани/ активни членки и инспекторите на Агенцијата. Концепцијата на обуката беше во вид на интерактивна работилница, со практична апликација и генерирање на баркодовите.
- ✓ Целта е остварена - стручните лица кои се одговорни за баркодирањето во фирмите да се стекнат со дополнителни технички знаења за правилно, квалитетно и адекватно баркодирање на своите производи со повисоки форми на баркод симбологија.
- ✓ Огромни се бенефитите за фирмите и инспекторите со оваа обука, (овозможување попродуктивно работење, приспособување на своите производи и услуги на барањата на ЕУ), а GS1 Македонија ја зголеми својата видливост и ја зацврсти позицијата на неопходен деловен партнер кај македонската бизнис заедница и државните регулаторни тела.

- ✓ Обуките се спроведоа преку видео презентации на следните теми:

  1. Носители на податоци во GS1 системот на стандарди
  2. Идентификациони клучеви-основа на GS1 системот (GTIN, GLN, SSCC)
  3. GS1-128 бар код симбол и идентификациони апликатори
  4. GS1 Логистичка етикета
  5. Следливост
  6. Нова генерација на бар кодови : DataBar, DataMatrix и нивната примена

- ➢ Дисперзираните обуки за членките на GS1 Македонија во вид на интерактивни работилници на кои се презентираше дополнително покрај горе наведените и за електронскиот пренос на информациите **EDI**, се одржаа во поголемите градови. На**. 08.05 2012** во Битола, (со присуство на членки и од Прилеп и Ресен), на **09.05.2012** во Скопје. На **05.06.2012** во Охрид, со присуство на членки и од Струга, Дебар и Кичево).
- ➢ Вкупно се одржаа 4 работилници за **EDI**.
- ➢ За инспекторите на Агенцијата и ветеринарство обуките се одржаа од **5- 9 ноември 2012** во градовите : **Гостивар, Битола, Струмица, Штип, Скопје** со присуство и од околните градови (Велес, Св. Николе, Кочани, Кавадарци, Куманово, Пробиштип, Радовиш, Гевгелија, Делчево, Берово). Неверојатен интерес предизвикаа нашите обуки кај инспекторите на АХВ. Обуките ги проследија 92 инспектора од АХВ, кои активно учествуваа во интерактивната настава и предложија што поскора дополна на нивните Правилници со GS1 стандардите.

Во текот на 2012 година особено внимание се посвети на масовна едукација на членките. Одржани се ***2 големи семинари и 2 промоции, Прва Меѓународна конференција за здравство.***

**8.6** GS1 Македонија на **12.06.2012** година одржа бесплатен едукативно-информативен семинар, со присуство на 70 учесника, на кој за **прв пат во Република Македонија** пошироката јавност имаше можност да се запознае со најновите трендови, деловни процеси и модели, како и со нови технологии во глобалната трговска размена и водењето на бизнисот во светот.

Семинарот на тема **"Со GDSN Вашите производи стануваат препознатливи и достапни на трговските партнери на глобалниот светски пазар"** придонесе за проширување на знаењата во функција на зголемување на конкурентноста на компаниите и интернационализација на нивниот бизнис.
Предавачи на семинарот беа експерти од GS1 Хрватска -М-р Дамир Шеговиќ и од GS1 Словенија - Д-р. Матеја Подлогар.

GDSN претставува голема пресвртница во светските напори да се унапреди точноста на податоците и да се олесни ефикасна кооперативна комерција на глобално ниво.

Со цел да се олесни и поефикасно води меѓународниот бизнис, во рамките на Меѓународната GS1 организација формирана е **Глобална мрежа за синхронизација на податоци (Global Data Synchronisation Network – GDSN)**. GDSN е интернет-базирана мрежа на меѓусебно поврзани, централизирани и интероперативни бази на податоци која овозможува на трговските партнери брзо и ефикасно да разменуваат податоци во синџирот на снабдување, кои што се точни, ажурирани и се во согласност со универзално поддржаниот систем на GS1 стандарди .

GDSN овозможуна на компаниите кои меѓусебно соработуваат, да во своите бази на податоци секогаш имаат еднакви, точни и ажурни податоци, кои се во согласност со глобално прифатените стандарди.

GDSN е сигурен извор на матичните податоци и овозможува на трговските партнери да разменуваат веродостојни податоци. Трговските партнери кои ги синхронизираат матичните податоци можат да бидат сигурни во точноста на информациите во своите бази на податоци.

Со синхронизацијата на податоците се добиваат следните бенефити:

-се намалуваат непотребните трошоци во синџирот на снабдување;
-се подобрува точноста при нарачување;
-се намалува бројот на формулари за пополнување;
-се намалува дуплирањето на системи, процеси, работи;
-се олеснуваат деловните процеси, тие стануваат побрзи, пефикасни и поефтини.

Составни делови на GDSN се:

- **GDSN цертифицирани електронски каталози** со стандардизирани матични податоци, кои се интеропарибилни и овозможуваат доверливост и интегритете на податоците на корисниците, и

- **GS1 Global registry**, кој е всушност GDSN „именик“ и покажува каде се сочувани информациите во мрежата, а во исто време осигурува едеинственост на регистрираните трговски единици и учесници.

Електронскиот каталог е документ кој ги опишува производите на добавувачите, кои се појавуваат како дел од понудата. Содржината на каталогот може по електронски пат да се достави на нарачателот или по пат на интернет да биде достапен на користење на добавувачите. Електронските каталози се предуслов за примена на електронските нарачки, а посредно и за електронските сметки.

GS1 Глобалниот Регистар (GS1 Global Registry), овозможува на компаниите од целиот свет размена на стандардизирани и синхронизирани податоци во рамките на синџирот на снабдување со нивните трговски партнери, користејќи стандардизирана Глобална Класификација на Производите (Global Product Classification –GPC) и GS1 системот за квалитет на податоците (Data Quality Framework).

Приклучувањето на македонските компании кон GDSN гарантира дека податоците за нивните производи ќе станат видливи, препознатливи и достапни до трговските партнери на глобалниот светски пазар. На семинарот учесниците имаа можност да ги чујат искуствата на гостите од GS1 Хрватска и GS1 Словенија и во живо да го проследат функционирањето и практичната примена на електронските каталози.

**8.7** На **21.11.2012** на Форумот на тема: “**EDI – унапредување на деловните процеси по GS1 стандарди”,** се изврши промоцијата на стартот, одн. отпочнувањето на електронската рамена на податоци EDI (Electronic Data Interchange) во деловното работење на компаниите од Република Македонија. Форумот го организираше GS1 Македонија со софтверската куќа ИНФО-Биро Охрид и провајдерот Panteon Group® Словенија.
EDI како технологија е ефикасна бизнис алатка за автоматски, директен пренос на деловни пораки меѓу партнерите со голема брзина и точност, бидејќи рачното внесување е комплетно елиминирано. EDI исто така на компаниите им овозможува подобра контрола во залихите, набавките и испораките.

На Форумот под мото *Подигнете го Вашиот бизнис на сосема ново ниво* **за првпат во Република Македонија** беше презентирана новата генерација на бизнис решенија со користење на GS1 стандардот во системот на автоматско генерирање на нарачки кои го трасираат патот кон B2B комуникацијата преку електронската размена на деловни пораки – EDI (Electronic Data Interchange). Работата на Форумот ја следеа претставници од 90 македонски бренд компании.

Форумот го отвори г-дин Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, кој потенцираше дека EDI како алатка ја зголемува конкурентноста на македонските компании како на домашниот, така и на странскиот пазар. Најдобар показател дека EDI е ефикасна бизнис алатка покажува фактот што токму Пилот проектите се спроведени во три реномирани македонски компании Тинекс-МТ ДООЕЛ-Скопје, Пекабеско АД-Скопје и Виталиа ДОО-Скопје кои во Републикава предњачат во воведувањето на нови технологии.
Почесен гостин на Форумот беше г-ѓа Марта Арсовска Томовска, Заменик министер за информатичко општество и администрација на Република Македонија, која даде огромна поддршка на Пилот проектите и истакна дека тие се вклопуваат комплетно во заложбите на Владата за подигнување на примената на информатичко комуникациските технологии во рамките на бизнис заедницата.

**8.8** Многу сме горди што на **12.12.2012** GS1 Македонија организираше **Прв**а (не само во Македонија, туку и во поширокиот регион) Меѓународна Конференција за здравство, со присуство на 120 учесника, на тема **„Практична примена на GS1 стандардите во Здравството и бенефитите од нивното користење“,** во Хотел Александар Палас.

Почесен гостин и презентер на Конференцијата беше највисоката личност која го води секторот Здравство на глобално ниво, г-ѓа Ulrike Kreysa- Vice President Healthcare, GS1 Global Office, Brussels. Конференцијата свечено ја отвори г-дин Илчо Захариев- директор на Бирото за лекови. Свои презентации имаа г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ- извршен директор на GS1 Македонија, г-дин Мирослав Илиќ – директор на GS1 Србија, г-ѓа Jenny Gough – GS1 специјалист за развој на Синџир на набавка во компанијата Mölnlycke од Велика Британија, г-ѓа Valérie Marchand, раководител за Здравство во GS1Франција, г-дин Жан Митрев –директор на болницата Филип Втори.

Конференцијата предизвика несекојдневно голем интере и ја постигна својата цел -да ја запознае пошироката јавност со најновите информации за користењето на Глобалните GS1 стандарди во секторот Здравство и бенефитите кои се постигнуваат со нив на меѓународно ниво.
За прв пат во светот е извршено квантифицирање на тие бенефити презентирано во извештајот изготвен од страна на McKinsey&Company- независна, неутрална, глобална, консултантска фирма која работи за светските водечки компании, влади и институции. На веб сајтот на GS1 Македонија (www.gs1mk.org.mk) е достапен оригиналниот Извештај на McKinsey&Company, како и пропратните брошури кои се преведени на македонски јазик.

На Конференцијата беше свечено промовирана **првата практична примена на GS1 стандардите во целокупното работење на една болница во Македонија** низ презентацијата на Пилот проектот во Специјалната болница „Филип Втори“, благодарение на визионерството и инвентивноста на директорот на болницата, Академик Д-р Жан Митрев.

## 9. *Избор на органи на управување*

На 21.12.2012 година GS1 Македонија одржа Пата седница на Генералното собрание, на која беа избрани органите на управување со нов три годишен мандат.
Согласно член 13 став 2 и став 6 од Статутот, GS1 Македонија објави јавен повик и ги информира своите членки дека ги повикува сите свои членки, заради изминување на тригодишниот мандат од работењето на Управниот одбор, да номинираат свој кандидат за член на новиот Управен одбор кој ќе биде избран на седницата на Генералното собрание на GS1 Македонија.

Секоја номинација требаше да ги исполнува следните услови :

1. Да биде поднесана во писмена форма;
2. Да е потпишана од лицето што го предлага кандидатот и од предложениот кандидат;
3. Да биде доставена до Генералниот извршен директор на GS1 Македонија најмалку седум дена пред одржување на седницата на Собранието, на адреса: ул. Маршал Тито бр.19- Скопје;

4. За номинираниот кандидат да биде приложено и неговото CV;
5. Во прилог на номинацијата да биде доставена и писмена изјава од номинираниот кандидат дека ќе ја извршува функцијата доколку биде избран.

Процедурата е во целост запазена и избран е истиот состав на органите на управување (Управен одбор и претседател и заменик претседател на Собранието), за следниот тригодишен мандат.

**Извршен директор,**

**Слаѓана МИЛУТИНОВИЌ**

Скопје, Април 2013 година